24692

ВЕЧЕР ☆ 16 ноември 1978 година

4787/11.

Средба со академскиот скулптор Насо Беќаровски

# СКУЛПТУРИ ВО ФАБРИЧКИ ПРОСТОРИИ

- **САМОСТОЈНАТА ИЗЛОЖБА НА НАСО БЕКАРОВСКИ ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО КУМАНОВО ПРЕДИЗВИКА ГОЛЕМО ИНТЕРЕСИРАЊЕ КАЈ ЉУБИТЕЛИТЕ НА ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ**
- **ИСТАТА ИЗЛОЖБА ДЕНОВИВЕ Е ПРЕНЕСЕНА И ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ФАБРИКАТА ЗА ШАВНИ ЦЕВКИ „11 ОКТОМВРИ“**



НАСО БЕКАРОВСКИ

**Пред извесно време во изложбените простории на Уметничката галерија во Куманово беше отворена самостојна изложба на истакнатиот македонски академски скулптор Насо Беќаровски кој се претстави со 21 скулптура (16 скулптури во метал и 5 во камен) и со 12 цртежи.**

Изложбата на Насо Беќаровски наиде на вонредно топол прием кај кумановските љубители на ликовната уметност. Деновиве, истата изложба, на иницијатива на Фабриката за шавни цевки „11 Октомври“ од Куманово, е пренесена и презентирана во просториите на Фабриката.

**Во разговорот што вчера го водевме со скулпторот Насо Беќаровски, тој не го криеше своето задоволство што неговите творби се презентирани пред љубопитните погледи на непосредните производители.**

— Секој ликовен уметник, **ни рече академскиот скулптор НАСО БЕКАРОВСКИ,** своето дело сака да го види презентирано во музеј или галерија, односно во изложбени простории каде што експонатите се на преден план и ништо не го нарушува нивниот интегритет. Токму затоа со голема резерва ја прифатив поканата моите скулптури, оние шеснаесет што се изработени во метал, да ги излагам во просториите на Фабриката за шавни цевки „11 Октомври“, поточно во просторијата на фабричната трпезарија во која за време на паузите престојуваат над 2.000 работници. Но големо беше моето задоволство кога работниците уште при првата средба со моите скулптури пројавија неверојатно живо интересирање. Посебно ми се допадна тоа што тие како металски работници аналитички гледаа на експонатите. Во тој момент почувствував дека моите скулптури работени во метал како да се срастнати со средината, меѓу работниците и фабричкиот инвентар. Почувствував дека скулптурите добија уште поголем акцент во својата силина, цел и намена, а тоа се совпаѓа и со животната наша желба: уметноста да се доближи до работниот човек.

— Наскоро, **ни рече на крајот Насо Беќаровски,** оваа изложба ќе биде пренесена и во просториите на други кумановски работни организации што се занимаваат со технологијата на металот: во „Искра“ и во Лимарската фабрика.

Насо Беќаровски има завршено Академија за ликовна уметност во Белград (1963) а негови творби се застапувани на најзначајните репрезентативни изложби на современата македонска ликовна уметност во земјата и странство. За своите врвни остварувања во областа на ликовната уметност добитник е на повеќе награди и признанија меѓу кои ќе ги спомeнеме наградата на ДЛУМ за скулптура **„Нерешки мајстори“** (1974), наградата за цртеж на **НУБ „Климент Охридски“** (1975) и наградата на ДЛУМ за графика **„Моша Пијаде“** (1978).

**Т. Ширилов**